ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА
НА КРЗНО И КРЗНЕНИ ПРОИЗВОДИ

ДИМКО МИТРЕВ А.Д УВОЗ - ИЗВОЗ
ВЕЛЕС

Служба за внатрешна ревизија

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО 2024 година

Служба за внатрешна ревизија
Мај,2025 година

Доставено до:
Одбор на директори

Содржина:

	Страна
Вовед	**3**
Опис на извршените ревизии	**4**
Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола	**5**
Оцена за реализацијата на поставените цели со годишниот план за работа	**5**
Учества на семинари и обуки	**5**

ВОВЕД

Врз основа на член 415-в од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/10), и точка 8 од Повелбата за внатрешна ревизија, службата за внатрешна ревизија на Димко Митрев ад увоз-извоз, го поднесува овој Годишен извештај.

Годишниот извештај ги содржи следните информации :

1. Опис на извршените ревизии
2. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола
3. Оценка за реализацијата на поставените цели со годишниот план за работа
4. Учества на семинари и обуки

Во тек на извршување на своите активности, главна цел на внатрешната ревизија беше да обезбеди независна оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола во компанијата.

Работата на внатрешната ревизија во 2024 година се засноваше на спроведување на редовни ревизии според планот за ревизија изработен врз база на ризични фактори.

При извршувањето на своите активности внатрешната ревизија вршеше ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на компанијата преку:

1. оценка на соодветноста и ефикасноста на системите за финансиска, оперативна и менаџмент контрола и нивното функционирање во пракса во однос на утврдените ризици;

2. следење на степенот на усогласеност со политиките, стандардите, плановите и процедурите и нивниот финансиски ефект;

3. следење на степенот на усогласеност со законите и регулативите на Република Македонија и оние кои произлегуваат од меѓународните обврски, вклучувајќи ги и барањата за известување од национални и меѓународни регулаторни тела;

4. оценка на степенот до кој ресурсите економично се стекнати, ефикасно се употребени, правилно евидентирани и заштитени од сите видови на загуби поврзани со растурање, расипништво, неефикасна администрација,недоволна економичност, ефикасност и ефективност, измами или други причини;

5. проверка на соодветноста, точноста, веродостојноста и целосноста на финансиските и други информации, како и начините за индентификација, мерење, класифицирање и давање на тие информации.

1. Опис на извршените ревизии

Активностите кои ги реализираше службата во текот на годината беа во согласност со Годишниот план за работа, во чијашто подготовка пак беа земени во предвид прелиминарните истражувања и оценката за степенот на ризичност, значењето на областа која се ревидира како и промените во работните процеси.

Ревизиите беа извршени преку имплементација на интерното упатство и процедура кои се изготвени и усогласени со стандардите за професионална примена на внатрешната ревизија како и законската регулатива.

1) Редовни планирани ревизии во 2024 година:

Реден број од планот	Предмет на ревизии	Генерална оценка
1.	Исправност и законитост на краткорочните побарувања	Задоволително
2.	Исправност и законитост на Краткорочните обврски	Незадоволително
3.	Ревизија на деловните процеси во благајничкото работење	Задоволително
4.	Ревизија на персоналните трошоци	Задоволително
5.	Ревизија на подготовки и спроведување на пописите	Задоволително

Сите ревизии во текот на 2024 година се извршуваа согласно со годишниот план за ревизија и тоа три вида на ревизија : финансиска ревизија,ревизија на усогласеност и системска ревизија .

Ревизиите се извршуваа континуирано во текот на целата година и во роковите предвидени со годишниот план .

2. Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола

Внатрешната контрола претставува континуиран процес и активности кои се спроведуваат од страна на сите нивоа на компанијата : органите на управување, менаџментот и сите вработени за да обезбеди постигнување на следните цели : заштита и максимизирање на вредноста на компанијата, изработка на точни финансиски извештаи, зголемување на ефикасноста на вкупното работење, унапредување на ефикасноста на управувањето, како и усогласеност со интерните политики на компанијата и законите и регулативата кои се однесуваат на трговските друштва.

Мислење

Врз основа на извршените ревизии може да изразиме разумна сигурност дека голем дел од контролите кои се неопходни за да ги пресретнат клучните ризици во компанијата се воспоставени и функционираат. Идентификуваните слабости во системот на интерни контроли немаат материјално значење во однос на постигнување на целите на компанијата,со исклучок на исправност и законитост на краткорочните обврски каде има прекршување на финансиската дисциплина.

Ова мислење се издава врз основа на извршените поединечни ревизии во текот на 2024 година, од изведените ревизорски докази врз основа на контрола на репрезентативен примерок на ревидираниот материјал, избран по случаен избор од сите ревидирани процеси.

3. Оцена за реализацијата на поставените цели со годишниот план за работа

Во извештајниот период Внатрешната ревизија ги спроведе сите ревизии кои беа предвидени со планот за работа на внатрешната ревизија .

4. Учества на семинари и обуки

Во текот на 2024година Раководителот на секторот за внатрешна ревизија не посетуваше семинари и обуки .

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Пенка Џипунова